Дaвaтел на доверливи услуги КИБС

# Правила и услови

## За користење на услугата за издавање временски жиг Momentum

**Последна измена: 03.04.2020**, 1201-195/2 (видиги архивираните верзии)

**Претходни верзии**

| Верзија | Датум | Автор | Промени |
|---|---|---|---|
| 2.0 | 03.04.2020 | Марин Пиперксоки | Терминот „Објава за појаснување“ е заменет со „Декларација“ согласно Закон за заштита на потрошувачите. Технички измени и корекции на македонскиот превод. |
| 1.0 | 05.07.2019 | Марин Пиперксоки, Сузана Тасевска | Нов документ |

## 1. Општи правила

Во рамки на услугата за издавање на временски жиг „Momentum“ на КИБС, се издаваат Квалификувани временски жигови согласно Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 (eIDAS), законските акти на Македонија, како и моментално важечките ETSI стандарди: Општи барања за политики за даватели на услуги од доверба (ETSI EN 319 401), Барања за политика и безбедност за даватели на услуги од доверба кои издаваат временски жигови (ETSI EN 319 421) и останати поврзани стандарди.

Во овие Правила и услови (Terms and Conditions - T&C) се опишани политиката и праксата која ја применува КИБС, дадени во Политика за издавање на временски жигови/Изјавата за практики (TSP/PS), дополнително и поедноставено опишани во Декларацијата на Издавачот на временските жигови.

Во овие T&C се дадени условите за користење на услугата за издавање на временски жигови кои треба да се прифатат од страна на Претплатникот, пред почетокот на користењето на услугата за издавање на временски жигови. Во случај на конфликт помеѓу TSP/PS и T&C, ќе важат одредбите од T&C.

Засегнатата страна изрично се согласнува и ги прифаќа овие T&C пред да започне со користењето на издадениот токен за временски жиг во рамки на услугата Momentum на КИБС.

КИБС има право на измени и дополнување на овие T&C во секој момент кога постојат основани причини за такви измени и дополнувања. Изменетите и дополнети T&C, заедно со датумот на стапување на сила се објавуваат 30 дена пред стапувањето на сила. Постојната и сите претходни верзии се објавени на: https://www.kibstrust.mk/repository.

## 2. Типови на временски жигови и употреба

Идентификаторот на објекти (OID) на Политиката за временски жигови на КИБС е: 1.3.6.1.4.1.16305.1.1.3. Овој OID претставува референца на секој издаден временски жиг, како и на TSP/PS на КИБС. Оваа политика се заснова врз најдобрите пракси на ETSI EN 319 421 за Издавање временски жигови (Најдобри пракси за идентификатор на објекти: 0.4.0.2023.1.1).

Временските жигови на КИБС може подеднакво да се применат на секоја апликација за која е потребен доказ дека одреден податок постоел во дадено време.

Поддржани алгоритми за потпишување се: sha256WithRSAEncryption (2048-битен клуч). Прифатливи хеш-алгоритми во барањата за временски жигови се: SHA256, SHA384, SHA512.

КИБС е одговорен за работата на една или повеќе Единици за издавање временски жигови (TSU) кои создаваат и потпишуваат токени за временски жигови (TST’s) во име на Издавачот на временски жигови.

Секоја единица има различен клуч. Сертификатот на единицата за издавање на временски жигови на КИБС кој се користи за потпишување на издадените токени за временски жигови (TSTs) е со важност од 5 (пет) години.

КИБС ги архивира сите издадени временски жигови и ги чува десет (10) години. Архивата на КИБС треба да располага со можност за продолжување на важноста на сите временски жигови преку примена на понови потписи со поголема јачина.

На барање на Засегнатата страна, КИБС може да го докаже постоењето на токен за временски жигови. КИБС може да побара од Засегнатата страна да ги покрие трошоците за таквата услуга.

Услугата за издавање на временски жиг на КИБС подлежи на плаќање. Надоместокот се дефинира во тарифата објавена на веб-страницата http://www.kibstrust.mk или согласно договор. КИБС издава временски жигови на сите заинтересирани страни без технички ограничувања.

## 3. Граница на ограничувања

Нивото на точност на времето назначено од Издавачот на временски жигови на КИБС во токените за временски жигови е +/- една (1) секунда во однос на Координираното универзално време (UTC).

КИБС врши мониторинг на синхронизацијата на часовниците и детектира отстапување во случај времето назначено во токените за временски жиг да е поназад или понапред од UTC. Во случај часовникот на Издавачот на временски жигови да не е точен, временските жигови нема да се издаваат.

Локалните сервери за мрежен протокол за време (NTP) со GPS извор на податоци за времето и атомски часовник од рубидиум се користат како референци за мрежниот протокол за време. Мониторингот на синхронизацијата на часовниците се врши преку споредба на изворите на податоците за времето.

Информациите за излегување од синхронизацијата на часовниците се објавува во медиумите.

Дневникот на активности на Издавачот на временски жигови се чува десет (10) години. Видете го делот 7.4.11 од целосните TSP/PS на КИБС на следната адреса:

http://www.kibstrust.mk/repository.

## 4. Обврски на претплатниците

Претплатникот услугата за издавање на временски жигови ја користи согласно овие „Услови и правила на Издавачот на временски жигови" и применливите договори наведени во член 7.

Претплатникот изготвува барање за креирање на временски жиг само преку софтвер или метод одобрен од КИБС.

Претплатникот ги зема во предвид било кои ограничувања во однос на користењето на временскиот жиг назначени во TSP/PS на временскиот жиг на КИБС.

Претплатникот ги известува крајните корисници на временските жигови за правилата на сила. Претплатниците ги држат во тајност податоците за најава потребни за пристапување до системот за издавање на временски жигови и не ги соопштуваат и не ги обелоденуваат на трети лица.

## 5. Обврски на засегнатите страни

Пред започнување со користење на временски жиг, Засегнатите страни мора да проверат дали токенот со временски жиг е правилно потпишан и дали поврзаниот сертификат на единицата за временски жигови е отповикан сѐ до времето на проверка. Во текот на важноста на сертификатот за единицата за издавање временски жигови, статусот на приватниот клуч може да се провери со помош на релевантни CRL листи од DigiCert. CRL листите се објавуваат на http://crl3.digicert.com/sha2-assured-ts.crl и http://crl4.digicert.com/sha2-assured-ts.crl. Доколку ваквата верификација се случи по крајот на периодот на важност на сертификатот за единиците за издавање на временски жигови, Засегнатата страна треба да ги следи упатствата наведени во Анексот G од ETSI EN 319 421:

Доколку во моментот на верификација:

- Приватниот клуч на единицата за временски жигови не бил компромитиран во ниту еден момент сѐ до времето на проверка на временскиот жиг од страна на засегнатата страна;
- Хеш-алгоритмите кои се користат во временскиот жиг се безбедни во моментот на проверка;
- Алгоритамот за потпис и големината на клучот за потписот под кој временскиот жиг бил потпишан е сѐ уште безбеден од криптографски напади во моментот на проверка;

тогаш проверката на временскиот жиг сѐ уште може да се изврши по крајот на периодот на важност на сертификатот на единицата за временски жигови.

Засегнатата страна треба да ги земе предвид сите ограничувања во однос на користењето на временските жигови согласно TSP/PS на КИБС и T&C.

## 6. Ограничување на одговорност

Издавањето на временски жигови и самите временски жигови се во согласност со TSP/PS и овие T&C.

КИБС не може да се смета за одговорен за какви било штети кои произлегле од неправилна употреба на временските жигови надвор од она што е дозволено со TSP/PS на КИБС и T&C.

КИБС е одговорен за настани кои настанале по негова вина или поради негова небрежност. Само штети кои може да се предвидат може да се надоместат. Надоместокот во такви случаи не може да ги надмине трошоците за набавка на временскиот жиг.

## 7. Применливи договори и правила

Релевантните договори, политики и правила кои се поврзани со постојните Правила и услови за користење на услугата за издавање временски жиг Momentum се следните:

TSP/PS на КИБС, Декларација на Издавачот на временски жигови на КИБС, Политиката на приватност како и целокупната останата документација која може да биде најдена на: https://www.kibstrust.mk/repository.

## 8. Политика на приватност

Политиката на приватност е достапна на https://www.kibstrust.mk/repository.

## 9. Достапност за лица со посебни потреби

Услугата за временски жиг Momentum како услуга давана преку интернет е достапна за лица со посебни потреби само доколку нивните работни станици, користените оперативни системи и апликативен софтвер се соодветно прилагодени.

## 10. Политика за поврат на средства

КИБС вложува напори за обезбедување на услуги со највисок квалитет.

КИБС решава за поврат на средства зависно од поединечните случаи. Во ретки случаи, КИБС може да обезбеди поврат на средства на Претплатникот. Ова право Претплатникот го остварува написмено, преку испраќање на електронска порака до КИБС на helpdesk@kibstrust.mk.

## 11. Применлив закон, поплаки и механизам за решавање на спорови

Услугата за издавање на временски жигови се регулира согласно регулативата на Република Северна Македонија, поради тоа што тоа е седиштето каде КИБС АД е регистриран како давател на доверливи услуги.

Сите спорови помеѓу страните се решаваат по пат на преговори. Доколку страните не постигнат меѓусебен договор, спорот го решава судот во Скопје.

Другите страни ќе бидат информирани за сите побарувања или жалби најдоцна 30 календарски дена по утврдувањето на основата за побарувањето, освен ако со закон не е поинаку определено.

Претплатникот или друга страна, нивните побарувања или жалби може да ги достават на следната електронска адреса: helpdesk@kibstrust.mk.

Сите барања за спорови треба да се достават до контактните информации наведени во овие T&C.

## 12. Лиценца за издавачот на временски жигови, заштитена марка и ревизија

Услугата за издавање временски жигови има квалификуван статус во Македонија. Предуслов за регистрација е постапувањето согласно применливите прописи и стандарди.

Телото за проценка на усогласеноста е акредитирано согласно Регулативата на ЕС бр. 765/2008, како надлежно за вршење на проценка на усогласеноста на квалификуваните даватели на услуги од доверба и квалификуваните Услуги од доверба кои ги обезбедуваат.

Заклучоците од ревизијата, кои се засноваат врз резултатите од ревизијата на проценката на усогласеноста спроведена согласно Регулативата eIDAS, соодветните законски решенија и стандарди, се објавени на веб-страницата на КИБС, достапна на https://www.kibstrust.mk/repository/certs/.

## 13. Контактни информации

Сите прашања и коментари во врска со содржината на наведените документи доставете ги до:

**КИБС АД**
Бул. „Кузман Јосифовски Питу“ 1, 5-ти кат,
+389 2 5513 444, +389 2 3297 444
helpdesk@kibstrust.mk
https://www.kibstrust.mk
1000 Скопје, Република Македонија

## 14. Достапност на услугата за временски жиг

КИБС ја обезбедува достапноста на услугата за временски жиг 24 часа на ден, 7 дена во неделата со минимум 99% достапност со најавени прекини во текот на годината кои не надминуваат 0,45% годишно.

КРАЈ НА ДОКУМЕНТОТ